**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД ц.о.**
**Ndërmarrja publike VODOVOD c.o.**
Бр. Nr 04 – 876/2
26.03.2026 год.viti.
**КУМАНОВО – KUMANOVË**

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи, член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-ж од Законот за јавни претпријатија, Одлуката за потреба од работници бр. 04-876/1 од 26.03.2026 година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на нивно бодување за даватели на услуги и помошно технички лица бр.02-1024/7 од 14.06.2017 година, донесен од страна на Управен Одбор на претпријатието и член 35 од Статутот на ЈП Водовод Куманово, а согласно со Правилникот за организација и систематизација на работните места,измените на правилникот бр.02-1785/1 од 21.11.2016 г., Правилниците за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места во ЈП Водовод Куманово и Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП Водовод Куманово бр. 02-2067/1 од 13.08.2025 година, ВД Директорот на претпријатието објавува:

**О Г Л А С**
**За вработување на работници на неопределено време во ЈП Водовод Куманово**
**бр.1/2026**

I. ЈП Водовод Куманово има потреба од вработување на работници на неопределено време и тоа на следните работни места:

I.I Даватели на јавни услуги

1.КДР 0305Б04 Техничар за електро-машинско одржување во Одделение за пречистителна станица- еден извршител
2.КДР 0305А03 Раководител на Одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта во Одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта - еден извршител
3.КДР 0305В02 Општ комунален работник во Одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта - еден извршител
4.КДР 0305В02 Општ комунален работник во Одделение за одржување на водоводна мрежа и приклучоци- осум извршители

**1**. **Техничар за електро-машинско одржување** во Одделение за пречистителна станица,Сектор за технички работи-1(еден) извршител, со ниво КДР0305Б04**.**
-кандидатите да имаат завршено средно образование,
електротехника,електромеханика,електроенергетика (240 кредити според ЕЦВЕТ/МКСОО)
-со или без работно искуство,
- работното време на избраниот кандидат ќе биде во смени по 8 часа дневно, 40 часа неделно,,
-паричниот износ на основната нето плата изнесува 30.910,00 денари

**2. Раководител на Одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта** во Одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта-,Сектор за технички работи-1(еден) извршител, со ниво КДР0305А03**.**
-кандидатите да имаат завршено високо образование,
градежништво и водостопанство,Инженерство и технологија-Градежништво-Архитектура (240 кредити според ЕКТС)
-со работно искуство 2 (две)години во струката од кои 1(една)година на раководна позиција во јавниот секторо или, 4(четири) години струката од кои 2(две) години на раководна позиција во приватен сектор,

-работното време на избраниот кандидат ќе биде од 08 до 16.00 часот или 8 часа дневно, 40 часа неделно
-паричниот износ на основната нето плата изнесува 41.205,00 денари;

3. **Општ комунален работник** во Одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта-,Сектор за технички работи-1(еден) извршител, со ниво КДР0305В02,
-кандидатите да имаат завршено основно образование,
-со или без работно искуство во струката,
- работното време на избраниот кандидат ќе биде во смени по 8 часа дневно, 40 часа неделно,
-паричниот износ на основната нето плата изнесува 26 897,00 денари;

4. **Општ комунален работник** во Одделение за одржување на водоводна мрежа и приклучоци,Сектор за технички работи-8(осум) извршители, со ниво КДР0305В02,
-кандидатите да имаат завршено основно образование,
-со или без работно искуство во струката,
- работното време на избраниот кандидат ќе биде во смени по 8 часа дневно, 40 часа неделно,
-паричниот износ на основната нето плата изнесува 26 897,00 денари;

**5. Стражар** во Одделение за Одделение за општи, правни работи и човечки ресурси ,Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси -2 (два) извршители со ниво КДР0402А02,
--кандидатите да имаат завршено средно образование, (180 кредити според ЕЦВЕТ),
-со или без работно искуство во струката,
-работното време на избраниот кандидат ќе биде во смени од по 8 или 12 часа дневно, 40 часа неделно,
-паричниот износ на основната нето плата изнесува 27 711,00 денари

Кандидатите доставуваат пријава која треба да ја содржи следната содржина:

1. Податоци за огласот - број на оглас – органот кој го објавува јавниот оглас - реден број на работното(и) место(а) за кое се пријавува
2. Лични податоци за кандидатот - име - презиме - припадност на заедница - датум на раѓање - пол - ЕМБГ - адреса на живеење (улица и број, место) - контакт адреса (улица и број, место) - контакт телефон (мобилен, фиксен) - e-mail адреса
3. Податоци за општи и посебни услови - државјанство - податоци за психо-физичка состојба и способност за работа - податоци за изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност - степен на образование или стекнати кредити според ЕКТЦ - вид на образование (образовна институција, насока, држава на завршување на образованието, датум на дипломирање) - просечна оценка (највисока и најниска преодна оцена за кандидатите кои го завршиле своето образование во странство) - работно искуство во струката - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда за работни места на ниво А - податоци за положени испити, сертификати, дипломи и за поседување способности, умешности и вештини од интерес за работното место
4. Изјава за веродостојност на податоците
5. Потпис на кандидатот и датум на поднесување на пријавата .

Општи услови утврдени со Закон за јавни претпријатија,Закон за работни односи или колективен договор се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај пријавата за работа да достават доказ за завршено образование како и документ со кои ги исполнуваат посебните услови кои се горенаведени.

Напомена: ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледаат.

Огласот е отворен 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето.

Пријавата со потребната документација се доставува до архивата на ЈП Водовод - Куманово, ул.Фетка Наскова бр.22.

ЈП Водовод - Куманово
ВД Д и р е к т о р
_____
М-р Игор Липковски